# ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
# „ КРУМ ТОШЕВ ” - СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ПЛАН И ПРОГРАМА

## за планирани екскурзии и други слободни активности во училиштето во учебната 2024/2025

**СКОПЈЕ, 2024 г.**

## Програма за планирани екскурзии и други слободни активности во училиштето во учебната 2024/2025

Училишните екскурзии и другите слободни активности на учениците се посебни вонучилишни облици на воспитно – образовна работа што се изведуваат надвор од училиштето, со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми како совладување и проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Воедно учениците се запознаваат и со традицијата и обичаите во различни делови од Р.С.Македонија. Во зависност од интересите на учениците и од временските услови можни се и промени во планот за изведување на екскурзиите.

Во текот на учебната 2023/2024 година ќе бидат организирани:

| **Екскурзии / Излети** | **Време на изведување** | **Релација** | **Одделение** |
|---|---|---|---|
| Еднодневен есенски излет | септември/октомври | Марков манастир – Црква Св. Илија- Чардак | I – IX одд. |
| Еднодневен пролетен излет | мај/јуни | Пеленица / Дељадровци | I – IXодд. |
| Наставна – научна еднодневна екскурзија со рекреативен карактер | мај | Кавадарци | III одд. |
| Наставна – научна дводневна екскурзија со рекреативен карактер | септември/октомври или мај (во зависност од интересот на учениците и родителите) | Источна Македонија | VI одд. |
| Наставна – научна тродневна екскурзија со рекреативен карактер | септември/октомври или мај (во зависност од интересот на учениците и родителите) | Западна Македонија | IX одд. |
| Настава во природа | април/мај (По посебно изготвена програма) | Охрид | V одд. |
| Набљудувања | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |
| Посета на знаменитости и установи | Во текот на годината | Според програмата | I – IX одд. |

## ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

**Место**: **Марков манастир – Маркова сушица / црква Св. Илија – Чардак**
**Воспитно образовни цели:**

- запознавање со природните ресурси и со културното наследство.
- градење на позитивен однос кон природата, културното наследство, спортот и рекреативните активности;
- запознавање со различни средини и нивните специфични природно-географски обележја;
- создавање на позитивен став и еколошки пристап кон непосредната околина во која живеат учениците, како и кон животните;

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- поттикнување и развивање на чувство на колективност, меѓусебна почит и позитивен натпреварувачки дух;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за здраво живеење;
- создавање навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, истражување, фотографирање.
**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.
**Раководител на екскурзијата:Филип Ацевски – наставник по информатика**
**Одговорен наставник: Фанка Каралиева – одделенски наставник**
**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите;
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Време на реализација : септември/октомври.**
**Локалитети за посета и правци на патување : Трубарево – Марков манастир – Маркова сушица / црква Св. Илија –Чардак (одалеченост 22-24 км. )**
**Техничка организација:**
Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.
**Начин на вреднување и користење на резултатите**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.

## ПРОЛЕТЕН ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ

**Место: Пеленица / Дељадровци**
**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со атрактивно место во близина на Скопје и природните убавини и знаменитости
- запознавање на други средини нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овој простор,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овој простор,
- развивање на позитивна групна динамика,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики;
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции;
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и колективна заштита;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.
- навики на здраво живеење.

**Содржина и активности:** Рекреација, дружење, набљудување, насочено внимание, фотографирање.
**Носители на активностите:** учениците од I-IX одделение, одделенските раководители и класните раководители.
**Раководител на екскурзијата: Кристијан Ѓошевски – наставник по физичко и здравствено образование**
**Одговорен наставник: Благица Тодевска - одделенски наставник**
**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата посредува избрана туристичка агенција.

**Време на реализација : мај/јуни**
**Локалитети за посета и правци на патување: Трубарево – Пеленица/ Дељадровци (одалеченост 13-15 км.)**
**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.
**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите.
**Начин на вреднување и користење на резултатите**: На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи,описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.

## ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ

**Место на одржување: Кавадарци**
**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, водопади и др.
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители во III одд.
- учениците од III-1/2 одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата: Весна Петковиќ, одделенски раководител на III -1 одд.**
**Одговорен наставник: Весна Петковиќ, одделенски раководител на III -1 одд. и Гордана Стојановска одделенски раководител на III-2 одд.**
**Време на реализација: мај**
**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, туристички водич и лекар.
**Начин на финансирање:**Трошоците на патувањето ги сносат родителите.
**Начин на вреднување и користење на резултатите:** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**Локации за посета:**
Хидроцентрала ХЕЦ Тиквеш и Тиквешко езеро; Винарија Тиквеш; црквата Св Петка; градски парк Кавадарци, Спомен костурница, Ваташа - Спомен куќата на Страшо Пинџур, Спомен обележје на 12 Младинци, Моклиште и Моклишка воденица.

**План на патувањето:**

Тргнување во 8: 00 пред училиште.

Попатно разгледување на одликите на Македонија.

Посета на вештачкото Тиквешко Езеро, како и ХЕЦ Тиквеш. Разгледување на природните убавини на блиската околина. Запознавање со функцијата и значењето на хидроцентралата за регионот.

Посета на црква Св. Петка.

Патот го продолжуваме за селото Ваташа каде се посетуваат Спомен куќата на Страшо Пинџур и Спомен обележјето за дванаесетте младинци стрелани за време на НОБ.

Посета на градот Кавадарци и прошетка низ градски парк и чаршијата.

Посета на Спомен костурницата во Кавадарци која претставува монументален споменик за паднатите борци.

Пристигнување во Моклиште и Моклишка Воденица (време за ручек и одмор на учениците).

Тргнување за Скопје во 16 : 00 часот и пристигнување во училиштето во попладневните часови.

За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето организира настава.

**ДВОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ШЕСТО ОДДЕЛЕНИЕ**
**Источна Македонија**

**Место на одржување: Источна Македонија**
**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори со музеи, цркви, водопади и др.
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

- Запознавање на природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од VI-1/2 одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата: Гоце Петровски - класен раководител на VI - 1 одд.**
**Одговорни наставници: Гоце Петровски класен раководител на VI-1 одд. Матеа Цветковски класен раководител на VI-2 одд.**
**Време на реализација: два дена во септември/октомври или мај**
**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.
**Начин на финансирање:**Трошоците на патувањето ги сносат родителите.
**Начин на вреднување и користење на резултатите:**На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.
**План на патувањето:**
**1. ден**
Тргнување на групата од пред училиште во 08.00 часот. Се патува преку Куманово, со попатна посета на опсерваторија Кокино и Човеков Камен. Се продолжува кон Кратово, разгледување на градот Кратово, запознавање со историјатот на крајот, кулите, Радин мост, музејот, црквата и др. Се продолжува за Пробиштип, Штип и Радовиш се посетува црквата Св. Троица-Радовиш. Се продолжува за Струмица, посета на Колешински водопади и Смоларски

водопади, посета на „ Успение на пресвета Богородица“ -Вељуса и „ Св. Леонтиј“- Водоча. Пристигнување во Дојран и сместување во хотел. Вечера. Организирана забава за учениците.Ноќевање.

**2. ден**

.Појадок, посета на граничен премин Стар Дојран и посета на градот Дојран и Природонаучен музеј. Ручек во хотелот. Тргнување за Скопје преку Богданци, посета на печатницата Софија, Гевгелија, Демир Капија и посета на Кралска винарија „ Кралица Марија“, Неготино, се продолжува за Стоби со разгледување и запознавање со локалитетот. Со панорамски разгледувања, фотографирања и попатни одмори се продолжува за Скопје.
Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

**Ученици - учесници во дводневна екскурзија низ Источна Македонија**

- учениците од VI/1 одд., одд. раководител: Гоце Петровски
- учениците од VI/2 одд., одд. раководител: Матеа Цветковски

За учениците кои не учествуваат на излетот училиштето организира настава.

## ТРОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ОД ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ
## Западна Македонија

**Место на одржување: Западна Македонија**
**Воспитно образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини и знаменитости на нашите краишта, нивните природно-географски обележја, со релјефот, вегетацијата на овие простори,
- негување на старите културни вредности и обичаи,
- запознавање со историјата на овие простори,
- развивање позитивен став кон спомениците и природната околина.

**Задачи:**

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење,
- да развиваат позитивен однос кон животната средина,
- да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина,
- да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен дух и подобри меѓусебни односи.

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од IX одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата: Ирена Камчева Младеновска - класен раководител на IX - 2 одд.**
**Одговорни наставници: Ирена Камчева Младеновска - класен раководител на IX - 2 одд. и Валентина Манева класен раководител на IX - 1 одд**
**Време на реализација: три дена во септември/октомври или мај**
**Финансирање:**Трошоците на патувањето ги сносат родителите.
**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.
**Начин на вреднување и користење на резултатите:** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.
**План на патувањето:**

- ***1.ден*** Тргнување на групата од пред училиште во 7:30 часот. Се патува преку Велес, со попатен одмор на брегот на Велешкото Езеро. Се продолжува кон Прилеп, каде е предвидено панорамско разгледување и посета на спомен-паркот Могила. Од Прилеп се продолжува кон Крушево каде е предвидено панорамско разгледување и посета на Македониумот и спомен -куќата на Тоше Проески. Се продолжува во Битола, каде е предвидена посета на Хераклеа и прошетка по Широк сокак. Од тука се

тргнува кон крајната дестинација за овој ден - Охрид, каде во попладневните часови учениците се сместуваат во хотел. Вечера, организирана забава за учениците. Ноќевање.

- ***2.ден*** Појадок, а потоа претпладневен излет до манастирот Св.Наум и изворите на реката Црн Дрим, со попатна посета на наколната населба Градиште. Враќањето во хотелот е предвидено за ручек, по кој учениците заминуваат на прошетка во Охрид, при што ќе бидат посетени: Св.Софија, Св.Јован Канео, Плаошник, Самоилова тврдина, амфитеатарот, Билјанини извори. Попатно е предвидена прошетка низ стариот дел на Охрид и запознавање со охридската архитектура. Враќање во хотелот во вечерните часови, вечера. Ноќевање
- ***3. ден*** Појадок. Посета на Вевчани и изворите, а на враќање прошетка низ Струшката чаршија, на истекот од Охридското Езеро и по течението на Дрим, посета на куќата на Миладиновци и Природо-научниот музеј. Враќање во хотелот за ручек и заминување за Скопје преку Кичево, Гостивар и Тетово, со попатен одмор на превојот Стража. Пристигнување пред училиштето во вечерните часови.

**Ученици - учесници во тродневна екскурзија низ Западна Македонија**

- учениците од IX-1 одд, одд. раководител: Валентина Манева
- учениците од IX-2 одд, одд. раководител: Ирена Камчева Младеновска

За учениците кои не учествуваат на екскурзијата училиштето организира настава.

## ПРОГРАМА ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА
## ЗА УЧЕНИЦИ ОД ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

**Место на одржување: Охрид**
**Наставни теми:** животински свет во водата и покрај водата, усно и писмено изразување, геометриски тела, нашето минато, скокови во далечина, пеење

### ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

- **Глобални цели**

Учениците непосредно да се здобијат со знаења, претстави и поими за природната
средина и општественото живеење на луѓето во крајот што ќе го посетат, како и запознавање со историското минато, културно - историските знаменитости, ширење на пријателство и соработка со врсниците од крајот што се посетува. Предзнаењата и знаењата стекнати во училиштето и домот се дополнуваат, се дооформуваат, се потврдуваат и се систематизираат;

- **Цели**

- да се поттикнува развојот на самостојноста кај учениците;
- да се развива љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
- да се оспособуваат за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнати знаења во нови ситуации;
- да се оспособуваат за критички осврт на сопственото размислување и согледување на потребата од докази;
- да се оспособуваат за активна вклученост во решавање проблемски задачи;
- стекнатите знаења во училницата да се применуваат во конкретни ситуации на терен
(трансфер);
- примена на техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, споредување и средување податоци, истражување, анализа и синтеза на стекнатите знаења);
- да се запознаат со природните богатства/ресурси;
- да се разберат настаните, појавите, природни богатства, стопанството, културно-
историски споменици и знаменитости, културата и традицијата на делови од Р.Македонија);
- да се развиваат способностите на учениците (мисловни способности, разни мануелни способности, просторно претставување, ориентирање и снаоѓање);
- поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења, трајност на стекнатите знаења, соработка со други во групата, соработка со возрасни);
- социјализација и едукација на учениците;
- користење на современи педагошки форми, методи и техники на работа;
- да се надминат меѓунационалните, социјалните и други разлики во развојот и комуникацијата на учениците и формирање на личноста, активно и креативно да се вклучување во понатамошниот воспитно-образовен процес и во другите сфери на живеење и работа.

- **Наставни форми**

Заедничка
Групна
Парови/тандем
Индивидуална

- **Наставни методи**

Говорна метода
Текст метода
Метод на пишување
Метод на практична работа
Метод на проблемско учење
Метод на учење со откривање
Метод на истражување
Метод на игра

- **Активни методи**

- автентично учење
- учење преку решавање проблеми
- акциски проект
- критичко размислување
- самостојно истражување
- стратегии за критичко мислење

- **Техники на учење**

Бура на идеи
Грозд
Умна мапа
Интервју
Минутна работа
Петоред
ЗСУ- знам, сакам да знам, учам

**ЗАДАЧИ**

- развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции
- позитивен однос конверските и културните вредности
- социјализација и колективна заштита
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики за мздраво живеење
- развивање другарство, меѓусебно почитување, позитивен дух и добри меќусебни односи.

## ПЛАНИРАНИ ПОСЕТИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРЕСТОЈОТ:

Панорамско запознавање со објектите и локалитетите крај патот и водење карта на патувањето:

- Полошка Котлина-Гостивар, Вруток (посета)
- Мавровско Езеро (панорамско разгледување)
- По текот на реката Радика (панорамско разгледување)
- Манастир Св.Јован Бигорски (посета)
- ХЕЦ,,Глобочица,,-Дебарско Езеро( панорамско разгледување)
- Вевчански извори (посета)
- Струга, куќата на браќата Миладиновци (посета)
- Посетата на Природонаучен музеј „Др. Никола Незлобински“- Струга
- Набљудување на истекот на реката Црн Дрим-Мостот на поезијата (посета)
- Посета на хотел (разговор за туризам)
- Охрид, Плаошник, Самоилова тврдинина (посета)
- Куќата на Робевци (посета)
- Билјанини извори,, (посета)
- Битола, Хераклеа (посета)
- Прилеп, Могила на непобедени (посета)
- Велес, Велешко Езеро (панорамско разгледување)

## ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЧКОТО УЧИЛИШТЕ

- Запознавањена природната средина и законитостите што влијаат во неа, како и зависноста на луѓето од природните услови и менување на средината на живеење, работа и секојдневен живот на луѓето во крајот.
- Запознавање со природните убавини на крајот, поблиското и подалечното минато, како и други настани од историско значење.
- Да се запознаат со позначајни културно-истористки, стопански и други објекти како што се: црква Св.Стефан, Манастир Св.Јован Бигорски, посета на куќата на браќата Миладиновци, посета на куќата на Робевци, посета на Хидробиолошкиот завод ,,Билјанини извори,, Манастир Св.Наум и извор на Црн Дрим, Хераклеа, Могила на непобедените.
- Да стекнат основни сознанија за Екологијата, да развиваат позитивен однос кон животната средина.
- Да се запознаат со животинскиот и растителниот свет на Охридското Езеро.
- Да ги препознаваат, собираат и ја знаат користа од лековитите билки.
- Да се запознаат со занимањата на луѓето во крајот( рибарство, туризам, угостителство и др.)
- Да се оспособат за движење и ориентација во просторот.
- Учениците да се вклучат во извршување на различни задачи, притоа да се развие чувството за одговорност, свесна дисциплина.
- Да стекнат и негуваат работни и хигиенски навики за одржување на лична и општа хигиена.
- Да се поттикнува и развива другарството , меѓусебно почитување, позитивен натпреварувачки дух, правилен психички развој како резултат на позитивното влијание на повеќедневен престој во здрава природна средина.

## ПОДГОТОВКИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

**Прв ден**

 Сместување на учениците и багажот во автобусот. Тргнување од пред училиштето во 8:00 часот.
 Се патува преку Тетово, Гостивар, с.Вруток (попатно-панорамско набљудување на Полошката Котлина). Пристигнување во с.Вруток од каде што извира реката Вардар-Вруток, се продолжува кон Маврово (разгледување на Мавровското Езеро), посета на манастирот Св. Јован Бигорски.
 Посета на Вевчани и Вевчанските извори (ручек и одмор на учениците)
 Заминување за Охрид, пристигнување во Охрид и сместување во хотел.
 Запознавање со куќниот ред на хотелот.
 Вечера
 Прошетка и разгледување на непосредната околина.
 Пишување извештај за патувањето, попатното набљудување и реализираните посети. Работат во групи (пишување и илустрирање). Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Користење техника ЗСУ за стекнување нови знаења за посетените места. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во првиот ден.
 Дружење и забава
 Лична хигиена
 Спиење во 22:00 часот.

**Втор ден**

 Будење во 7:00 часот и средување на собите.
 Лична хигиена
 Утринска гимнастика 7:30 до 8:00ч.
 Појадок
 Посета на наколната населба во Градиште, Залив на коските и манастирскиот комплекс Св. Наум Охридски и изворите на реката Дрим.
Враќање во хотел
 Ручек
Посета на градот Охрид (посета на градот, чаршијата, Амфитеатарот, Самоилова тврдина, Плаошник , Св. Јован Канео)
 Попладневен одмор
 Вечера
 Дружење и забава
 Пишување извештај за патувањето, попатното набљудување и реализираните посети. Работат во групи (пишување и илустрирање). Презентација на извештаите и размена на искуства и знаења. Користење техника за стекнување нови знаења за градот Охрид и неговите знаменитости. Водење на групен дневник за местата, знаењата и впечатоците од активностите во вториот ден.
 Лична хигиена
 Спиење во 22:00 часот

**Трет ден**

 Будење во 7:00 часот и средување на собите
 Лична хигиена
 Утринска гимнастика 7:30ч. до 8:00ч.
 Појадок
 Посета на градот Струга (чаршија, куќата на браќата Миладиновци, посета на Природонаучен музеј „Др. Никола Незлобински“, набљудување на истекот

на реката Црн Дрим-Мостот на поезијата)
- Враќање во хотел
- Ручек
- Попладневен одмор и релаксација на учениците
- Организирање на спортски натпревари и социјални игри.
- Прошетка покрај езерскиот брег и собирање растенија, каменчиња и разни други природни материјали.
- Пишување на извештаи за посетите, нивна илустрација и презентација. Водење на групен дневник за местата, знаењата , впечатоците и доживувањата од активностите на третиот ден.
- Организирање на квиз натпревар од областа на знаењата кои учениците можеа да ги стекнат во текот на овие три дена.
- Вечера.
- Организирана диско забава и дружење на учениците.
- Лична хигиена
- Спиење во 22:00 часот

**Четврти ден**
- Будење во 7:00 часот и средување на собите
- Лична хигиена
- Утринска гимнастика 7:30ч. до 8:00ч.
- Појадок
- Подготовка на багажот 9:00ч. – 10:00ч.
- Заминување од хотелот
- Посета на градот Битола и археолошкиот локалитет Хераклеа
- Ручек (попатно ланч пакет)
- Посета на Прилеп и споменикот Могила на непобедените
- Посета на археолошкиот локалитет Стоби
- Пристигнување пред училишната зграда во попладневните часови.

- **Активности во слободно време**

**Прва етапа од 11 до 12 часот**
Во ова време учениците активно се одмараат од претпладневните активности и тоа преку организирани прошетки и игри во природната околина на објектот. При крајот на оваа етапа учениците се подготвуваат за ручек.
**Втора етапа од 13 до 15 часот**
Време наменето за попладневен одмор
**Трета етапа од 15:30 до 17 часот**
Организирање квиз натпревари на знаење
**Четврта етапа 17:30 до 19 часот**
Организирање на групни натпревари во разни спортски активности. Подготовка за вечера
**Петта етапа 20 до 21:30 часот**
Активности од културно забавен карактер

## НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ШТО ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

- **Македонски јазик**

- Изразување и творење – Пишуваме извештај од патувањето: Патуваме и ја запознавме татковината;
- Говорна и писмена вежба (истражуваме – учиме - пишуваме): Браќа Миладиновци, паркот на поезијата,

 Пишување сознанија за градот Охрид, неговите културно – историски карактеристики (чаршијата, занаети и др.);
 Пишуваме извештај за посетата на Природонаучен музеј „Др. Никола Незлобински“, илустрираме што ни остави впечаток;
 Говорна и писмена вежба: Мојата прекрасна земја – Вевчанските извори, Дељан (мрестилиште на јагули), Црн Дрим;
 Говорна и писмена вежба: Мојата прекрасна земја – Охрид (чаршија, Плаошник...)
 Изработуваме информативна книга;

➢ **Математика**

 Решавање разновидни задачи (собирање, одземање, множење, делење, равенки, текстуални, мерки, работа со податоци);
 Километар;
 Мерки – повторување;
 Работа со податоци;

➢ **Природа**

 Растителниот и животинскиот свет во и покрај вода – Охрид, релјеф;
 Живеалишта и врска меѓу организмите и живеалиштата;
 Растенија покрај езерскиот брег и блиската околина;

➢ **Општество**

 Традицијата и културно - историските карактеристики на Струга;
 Повторување на знаењата;

➢ **Музичко образование**

 Темпо: брзо – бавно;
 Знак за позвторување;

➢ **Ликовно образование**

 Сликање/цртање на впечатоци од посети (техника по избор);
 Ликовно изразување по доживување – слободна техника

➢ **Физичко и здравствено образование**

 Натпревар – народна топка;
 Фудбал, ракомет;
 Елементарни игри;

**Носители на активностите:**

- одделенските раководители
- учениците од V одд.

**Начин на реализација:**

- одредиштата се избрани според интересот на учениците и родителите,
- во организацијата и реализацијата ќе посредува избраната туристичка агенција.

**Раководител на екскурзијата: Јулијана Станковска Колевска - одделенски раководител на V - 2 одд.**

**Одговорни наставници: Гордана Јакимовска одделенски раководител V-1одд. и Јулијана Станковска Колевска одделенски раководител на V - 2 одд.**

**Време на реализација: четири дена во април или мај**

**Техничка организација:** Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, со записник за извршен технички преглед на автобусот не постар од шест месеци и лекарско уверение за возачот не постаро од шест месеци како и потврда од одговорното лице на превозникот дека возачот не возел 12 часа пред поаѓањето, добри услови за сместување, туристички водич и лекар.

**Технички услови на објетот:**

- исхраната е подготвена по норматив, листа на јадења усогласена според возраста и поребите на учениците, три оброци и ужинка;

- сопствена здравствена амбуланта, здравствена заштита на учениците 24 часа;
- училници за изведување настава;
- спортски терени, услови за спотрско – рекреативен и културно – забавен живот;
- рекреатори;
- физичко обезбедување на објектот.

**Начин на финансирање:** Самофинансирање од страна на родителите

**Начин на вреднување и користење на резултатите:** На сите одредишта ќе се прати работата и однесувањето на учениците, преку разговор и други форми (пишување есеи, писмени состави, извештаи, описи, изработка на плакати и сл.) ќе се добијат повратни информации.

**ПЛАН ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАБЉУДУВАЊА И ПОСЕТИ НА ЗНАМЕНИТОСТИ И УСТАНОВИ ЗА УЧЕНИЦИ ОД I ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ**
**( во текот на годината според програмата )**

**Набљудувања:**

- Набљудување на местото на живеење
- Набљудување на природата
- Набљудување на сообраќајот

**Посети:**

За поадекватно реализирање на наставниот план и програма, за полесно осознавање на наставните планови и содржини, планирани се посети на одредени објекти и манифестации од областа на културата кои ќе ги збогатат знаењата на учениците:

- Театар за деца и младинци
- Драмски театар
- Кино Милениум
- Македонска Филхармонија
- Музеј на град Скопје, Музеј на жртвите на холокаустот
- Музеј на ВМРО
- Библиотеки “Другарче” и „ Браќа Миладиновци“
- Саем на книгата
- Етнолошки и природо - научен музеј
- Изложби
- Црква Св. Спас и Даут- Пашин амам
- Спомен куќа на мајка Тереза
- Археолошки музеј на Р. С. Македонија
- Јаја Пашина џамија
- Музеи и Спомен куќи на историски личности ( надвор од Скопје).

Соработката со други воспитно - образовни установи ќе значи соработка со основните училишта од општина Гази Баба, градот и пошироко и ќе се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности како што се натпреварите во знаење во разни подрачја, работилници, трибини, проекти, ликовни хепенинзи и литературни читања и разновидни спортски натпревари.

Предвидена е посета на други институции од интерес за наставата: пошта, ЗОО, Аеродром, Железничка станица:

- Посета на метеоролошка станица
- Посета на Планетариум
- Културни манифестации – Златно Славејче
- Новогодишна претстава
- Посета на градот Скопје и неговите знаменитости
- Посета и запознавање со работата на општината.

Наставните посети надвор од училиштето за учениците од прво до деветто одделение ги планираат наставниците во своите наставни програми. Овие посети се планираат и реализираат и со цел да се искористат како ефективни ресурси за учење и стекнување трајни знаења.

**Цели:**

- Да се оспособи за воспоставување на културен однос со опкружувањето во насока на: - лично обраќање кон други луѓе ; приспособување на говор во дадена ситуација; културно однесување со други луѓе; еколошко

однесување.
- да ги прошират сознанијата за непосредната околина;
- да се оспособуваат за набљудување, опишување и споредување;
- да се оспособуваат да користат различни извори на знаења;
- да ги прошират знаењата за културното  богатство на својата татковина;
- да се ориентираат во просторот и времето;
- да стекне елементарни знаења за театарот и драмската уметност;
- да се формираат навики за културно однесување при посета на театар, претстава;
- да се развива позитивен однос и почитување на различни професии;
- запознавање со училишната средина;
- да се запознае со стари градби, носии, стари предмети;
- да се запознае со сообраќајот од домот до училиштето;
- да ги спознава правилата за безбедно движење;
- да може безбедно да се движи во локалната средина;
- да ги препознава звуците од природата и околината ;
- да развива хуман однос кон живиот свет;
- да се развива свест за зачувување на чиста околина.

**Стручен тим за подготовка на програмата за екскурзија:**
Александра Димитриевска  –директор
Весна Петковиќ- одделенски наставник
Јулијана Станковска Колевска - одделенски раководител
Гоце Петровски  – предметен наставник
Ирена Камчева Младеновска  – предметен наставник

**Директор**

**Александра Димитриевска**

_____________________________